Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 03-312/1
28.03.2023 год
Новаци

ОПШТИНА НОВАЦИ, 7211 Новаци, Република Северна Македонија
Тел./факс: 047-203-060; тел:. 047-282-900; e-mail- novacio@t.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 6, а во врска со член 22 став (1) точка 2 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. Весник на РМ,, бр. 5/02), како и во согласност со член 62 од Статутот на општина Новаци (,,Службен гласник на Општина Новаци, бр.07/2019) и Програмата за животна средина на Општина Новаци за 2023 година бр.14-1010/6 од 24.11.2022 година,и Правилникот за финансиска поддршка за надомест на дел од трошоците за набавка на материјали за подигање на пластеници за сопствени потреби 14-287/6 од 27.03.2023 г., Градоначалникот на општина Новаци објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за финансиска поддршка за надомест на дел од трошоците за набавка на материјали за подигање на пластеници за сопствени потреби**

**1.Опис на јавниот повик**

Со овој јавен повик ќе се направи субвенционирање на дел од трошоците за подигнување на пластеници за сопствени потреби и се утврдуваат корисниците, начинот, постапката, вкупен износ, максималниот износ, критериумот за избор, прифатливите трошоци и придружните документи за докажување на трошоците кои се однесуваат на доделувањето на неповратна, еднократна финансиска поддршка за надоместување на дел од трошоците за набавка на материјали за подигање на пластеници за производство на еколошки-органски земјоделски производи за сопствени потреби на жителите на територијата на Општина Новаци.

**2.Корисници на финансиска поддршка**

Корисници на правото на финансиска поддршка имаат жителите на Општина Новаци кои имаат во сопственост и/или располагаат со дворно место или земјоделско земјиште кое се наоѓа на територијата на Општина Новаци.

**3.Начин на исплата**

Финансиската поддршка се исплаќа врз основа на поднесено барање за исплата на образец кој е даден во Прилог бр. 1 и е составен дел на овој Правилник.

Барањата за исплата ќе бидат достапни за подигнување во просториите на Општина Новаци како и на интернет страната на Општина Новаци (www.opstinanovaci.gov.mk).

Еден барател има право да поднесе само едно барање за исплата на финансиска поддршка.

**4.Постапка за доделување на финансиска поддршка**

Поднесувањето на барањата за доделување на финансиска поддршка ќе се врши врз основа на овај јавен повик, кој е објавен на огласната табла на општината, на интернет страницата на Општина Новаци и на социјалната мрежа т.е фан страната на Градоначалникот на Општина Новаци.

Рокот за пријавување и поднесување на барања по јавниот повик е до 28.04.2023 година до 15 часот во Архивата на Општина Новаци.

**5.Спроведување на постапката за доделување на финансиска поддршка**

За спроведување на постапката по јавниот повик, Градоначалникот на Општина Новаци формира Комисија составена од пет членови, од кои три членови од Советот на Општина Новаци и два членови од вработените во општинската администрација.

Комисијата, по проверка на комлетноста на доставените придружни документи и утврдување на исполнетоста на условите за надоместување на дел од трошоците, изготвува листа на прифатливи баратели на финансиска поддршка.

Распределбата на средствата ќе се врши врз основа на уредна, комплетна и навремено доставена придружна документација, според редоследот на аплицирање односно според принципот „прв дојден прв услужен" се до исцрпување на вкупниот износ на финансиски средства утврдени во членот 6 од Правилникот за финансиска поддршка за надомест на дел од трошоците за набавка на материјали за подигање на пластеници за сопствени потреби.

Барателите кои имаат поднесено барање, а немаат уредна и комплетна документација или барањето е доставено надвор од крајниот рок утврден со јавниот повик нема да остварат право на финансиска поддршка.

Градоначалникот на Општина Новаци, врз основа на листата, донесува решение за доделување на финансиска поддршка.

Конечната листа на баратели на кои што им е доделена финансиска поддршка се објавува на интернет страницата на Општина Новаци www.opstinanovaci.gov.mk.

**6.Вкупен износ на финансиски средства**

Вкупниот износ на финансиски средства за намената од членот 1 на овој Јавен повик се утврдени во Буџетот на Општина Новаци за 2023 година – Програма за заштита на животна средина R1 расходно конто 464 990 Други трансфери и изнесува 1.000.000 денари.

**7.Максимален износ на финансиска поддршка по барател**

Максималниот износ на финансиската поддршка за надомест на дел од трошоците за набавка на материјали за подигање на пластеници за производство на еколошки-органски земјоделски производи за сопствени потреби изнесува 50 % од вредноста на вкупните трошоци, но не повеќе од 10 000 денари по барател.

Општина Новаци го задржува правото да бара поврат како и да ги спроведе законски предвидените постапки за поврат на износот на финансиската поддршка од баратели кои не ја реализирале инвестицијата согласно условите од јавниот повик и Правилникот за финансиска поддршка за надомест на дел од трошоците за набавка на материјали за подигање на пластеници за сопствени потреби.

**8.Прифатливи трошоци**

Прифатливи трошоци се трошоците направени за набавка на полиетиленско платно (најлон), метална конструкција, материјали за поставување на систем капка по капка (црева, вентили и филтри) за подигање на пластеници не поголеми од 50 м2.

**9.Придружни документи кон барањето за исплата на финансиска поддршка**

Придружни документи кои се поднесуваат заедно со барањето за исплата на финансиска поддршка се:
1. Барање за исплата на финансиска поддршка (Прилог 1);
2. Изјава дадена под материјална и кривична одговорност, заверена на нотар со која се барателот се обврзува дека:
- подигнатиот пластеник ќе го постави на земјиште на територија на Општина Новаци,
-пластеникот ќе го користи за производство на еколошки-органски земјоделски производи за сопствени потреби како и дека
- е согласен Комисијата од членот 5 на овој Правилник да врши контрола на лице место во рок од 2 години од денот на влегувањето во сила на Решението за доделување на финансиска поддршка;
3. Копија од лична карта или пасош од барателот ;
4. Копија од трансакциската сметка на барателот;
5. Имотен лист или Договор за закуп на земјиште во времетраење од најмалку 3 години и
6. Доказ за платени трошоци за набавка на материјал за подигање на пластеници (фискална сметка или извод од банка).

Комисијата го задржува правото да бара дополнителни информации од барателот на финансиската поддршка.

**10.Доставување на барањето за исплата на финансиска поддршка**

Барањата за исплата на финансиска поддршка се доставуваат преку Архивата на Општина Новаци лично или на следната адреса: Општина Новаци ул.1 ва б.б 7211 с.Новаци.

Република Северна Македонија Општина Новаци Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски